ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 14/23



12.09.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научна област: „Друго-Безбедност“ (51610-Фраскатиева класификација) на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје, на 220-та седница, одржана на ден 07.04.2023 година, донесе Одлука бр. 02-356/1 за формирање на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање асистент, за наставно-научна област: „Друго-Безбедност“ (51610-Фраскатиева класификација), во состав:

1. проф. д-р Марјан Богданоски – претседател;
2. проф. д-р Александар Нацев – член;
3. доц. д-р Драгана Костевска – член.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје да го поднесе следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање асистент, за наставно-научна област: „Друго-Безбедност“ (51610-Фраскатиева класификација) на Факултетот за детективи и криминалистика, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Александар Трајковски.

Врз основа на доставената Пријава бр. 03-333/1 од 24.03.2023 година и приложените документи: Професионална биографија (CV), Уверение за завршен I и II циклус на студии, Диплома за стекнат степен Магистер за безбедност, Уверение за државјанство, список на објавени научни и стручни трудови и по 1 /еден/ примерок од истите, доказ за претходен избор во соработничко звање асистент, Рецензентската комисија го констатира следното:

### 1. Подобност на кандидатот

Кандидатот м-р Александар Трајковски ги исполнува критериумите предвидени согласно Законот за високото образование, бидејќи:

- има стекнато научен степен магистер од соодветната област;
- има претходен избор во наставно-научно звање;
- има објавено научни трудови и публикации соодветни на знаењето во кое се врши избор;
- има способност за изведување на високообразовна дејност.

### 2. Биографски податоци за м-р Александар Трајковски

Кандидатот м-р Александар Трајковски е роден на 07.09.1990 година во Скопје. Основно образование завршил во основното училиште „Ѓорѓи Пулевски“ во 2005 година во Ростуше. Исто така, средно образование завршил во Ростуше во гимназијата

„Панче Попоски“ во 2009 година. На Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје дипломирал на ден 06.07.2012 година, специјализирал на ден 12.09.2013 година и магистрирал на ден 21.05.2015 година.

Професионалната кариера ја започнува на 06.10.2020 година на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје како асистент по предмети од област „Безбедност“ и „Криминалистика“. Во целокупниот работен период кандидатот м-р Александар Трајковски покажува интензивен интерес, односно активно учествува во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот м-р Александар Трајковски, во изминатиот период, како асистент на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје, спроведувал вежби на I /прв/ и II /втор/ циклус на студии на Факултетот по повеќе предмети од област „Безбедност“ и „Криминалистика“. Вовел нови содржини на вежбите по повеќе предмети од двете области. Исто така, учествувал и во креирањето нови пристапи за полесно совладување на наставните градива преку вежбите со обработка на студии на случаи од теоријата и практиката, поттикнување на студентите самостојно да истражуваат и изготвуваат трудови за конкретни проблематики кои ќе ги презентираат на вежбите и споделуваат сознанијата до кои дошле и сопствените заклучоци кои ги извлекувале во таквиот процес, поканување на надворешни експерти од соодветната област да предаваат на студентите и им ги пренесат практичните знаења, вештини и искуства кои ги стекнале во нивните професионални кариери и др.

Кандидатот м-р Александар Трајковски секогаш навреме, квалитетно, совесно и крајно професионално ги извршувал асистентските обврски. Во изминатиот период тој успешно им ги пренесувал знаењата, вештините и искуствата на студентите за проблематиките од областите „Безбедност“ и „Криминалистика“, едновремено постапувајќи со нив коректно, професионално, притоа поттикнувајќи ги да спроведуваат индивидуални истражувања, да продолжат со несмален интензитет да спознаваат нови работи по наставните предмети преку читање на секундарна стручна литература и анализирање на случаи од практиката. Потврда за ова претставуваат и позитивните оценки што кандидатот ги добивал на анонимните студентски анкети за квалитетот на реализираните вежби, организирани во процесот на самоевалуација на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје.

**Научно-истражувачка дејност**

Во делот на научно-истражувачката дејност во изминатиов период, м-р Александар Трајковски во непрекинат континуитет ја зголемува својата научна љубопитност и продлабочување на својот научно-истражувачки интерес. Досега тој има презентирано и објавено вкупно 6 /шест/ научни трудови на Европски Универзитет Скопје, во Меѓународното списание за наука и уметност – ИДЕЈА, од кои 3 /три/ труда во текот на периодот од последниот избор во звање.

***Листа на научни трудови кои се презентирани и објавувувани:***

1. *„Компаративен преглед на службите од разузнавачко-безбедносна заедница на Соединетите Американски Држави“*, ИДЕЈА – Меѓународно списание за наука и уметност, год. 7, бр. 13, стр. 1-217, Скопје 2023 година;
2. *„Компаративен преглед на службите од разузнавачко-безбедносна заедница на Руската Федерација“*, 12-та меѓународна научна конференција: „Науката и уметноста во функција на одрживо општество“, 23.09.2022 година, Европски Универзитет Скопје, ИДЕЈА – Меѓународно списание за наука и уметност, год. 6, бр. 12, стр. 1-220, Скопје 2022 година;
3. *„Разузнавачко-безбедносна заедница на Израел“*, ИДЕЈА – Меѓународно списание за наука и уметност, год. 6, бр. 11, стр. 1-198, Скопје 2022 година;
4. *„Ерозија на правото на приватност на корисниците на компјутерските системи, социјалните мрежи, мобилните уреди и клауд сервисите“*, Осма меѓународна научна конференција: „Вештачка интелигенција – предизвик на дигиталната ера“, 14.09.2018 година, Европски Универзитет Скопје, ИДЕЈА – Меѓународно списание за наука и уметност, год. 2, бр. 4, стр. 1-202, Скопје 2018 година;
5. *„Компаративна анализа на терористичките организации и терористите-поединци со левичарска и десничарска идеологија во светот“*, Шеста меѓународна научна конференција: „Можното, реалното и виртуелното во современиот свет“, 14-15.09.2016 година, Европски Универзитет – Скопје, Зборник на трудови Европски Универзитет Скопје, Скопје, 14-15.09.2016 година;
6. *„Импликациите на глобализацијата врз подемот на организираниот криминал во 21-от век“*, Четврта меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој“, 09.05.2014 година, Европски Универзитет Скопје, Зборник на трудови Европски Универзитет Скопје, Скопје, 09.05.2014 година.

Меѓу другото, кандидатот м-р Александар Трајковски има учествувано и на повеќе меѓународни конференции, трибини, семинари и предавања кои се однесуваат на безбедносната тематика.

***Листа на конференции, трибини, семинари и предавања:***

1. *„Заштита на критичната национална инфраструктура“*, еднодневно предавање, 22.09.2019 година, Assa Abloy, Европски Универзитет Скопје, Скопје;
2. *„Приватните детективи во областа на корпоративната безбедност, кривичната постапка и business intelligence“*, еднодневен семинар, 17.11.2018 година, Асоцијација за корпоративна безбедност, Европски Универзитет Скопје, Скопје;
3. *„Справување со насилниот екстремизам“*, 21.05.2014 година, Европски центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“, Скопје;
4. *„НАТО и Авганистан: Мисијата ИСАФ и што понатаму“*, 20.12.2012 година, Евро-Атлантски совет на Северна Македонија, Скопје.

Воедно, во 2021 година во коавторство има објавено и два учебници, *„Криминалистичка тактика“* и *„Криминалистичка методика“*, кои се користат како основни учебни помагала по истоимените предмети (Криминалистичка тактика и Криминалистичка методика) на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје.

**Стручно-апликативна дејност**

Од последниот избор во звање, кандидатот м-р Александар Трајковски учествува на конференции, семинари, трибини и дебати за теми поврзани со безбедноста. На конференцијата: *„Aspects of international assistance for refugees and migrants“* организирана во соработка помеѓу Центарот за безбедносни истражувања и Sweden Alumni Network Western Balkans, на 07.05.2022 година во Скопје, одржува предавање на тема: *„Security aspects of international assistance for refugees and migrants“* на која направил посебен осврт на безбедносните предизвици кои се наметнуваат со појавата и зголемувањето на мигрантските и бегалските текови, вклучително прави и разграничување на поимите: мигрант, бегалец, внатрешно раселено лице и лице без државјанство, а меѓу другото и покрај заклучоците дава и конкретни препораки како да им се помогне на ваквите категории на лица и воопшто за надминување на ваквите состојби кои се наметнуваат во национални и меѓународни рамки.

Кандидатот, исто така, е дел од *Центарот за безбедносни истражувања* преку кој во континуитет спроведува истражувања и анализи на новите и постоечките безбедносни предизвици, ризици и закани кои можат заедно и/или индивидуално, односно директно и/или индиректно да загрозат еден или повеќе безбедносни концепти (индивидуална, национална, меѓународна), со крајна цел информирање и подигнување на свесноста за опасностите кои произлегуваат од истите, воедно и предлагање идејни решенија за нивно правовремено забележување и превенција.

Во периодот, пак, пред да биде избран во звање, кандидатот меѓу другото има учествувано и на конференцијата *„НАТО и Авганистан: Мисијата ИСАФ и што понатаму“*, на 20.12.2012 година во Скопје, на која е спроведена симулација, а е организирана од страна на Евро-Атлантскиот совет на Северна Македонија. Покрај тоа, има учествувано и на трибината *„Справување со насилниот екстремизам“*, на 21.05.2014 година во Скопје, организирана од страна на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија позитивно ја оценуваат целокупната наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност на м-р Александар Трајковски. Неговите истражувања се одликуваат со високи научни стандарди и оригиналност, особено во сферата на безбедноста, и претставуваат вистински придонес како во нашата наука, така и пошироко.

Врз основа на горенаведеното, членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски Универзитет Скопје да му предложат кандидатот м-р Александар Трајковски да се избере за соработник во соработничко звање **АСИСТЕНТ** за наставно-научна област: **„Друго-Безбедност“ (51610-Фраскатиева класификација).**

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р Марјан Богданоски – претседател

   ___________________________

2. Проф. д-р Александар Нацев – член

   ___________________________

3. Доц. д-р Драгана Костевска – член

   ___________________________